Врз основа на член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 27.5.2013 година, ги донесе следниве

ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СТУДИИ, СТУДИИТЕ ПО НОВИНАРСТВО И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Предмет на уредување

Член 1

Со овие Правила за студирање на политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во понатамошниот текст: Правила за студирање), се уредува организирањето на политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста на втор циклус студии на Правниот факултет, „Јустинијан Први“ во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) според европскиот кредит–трансфер систем (во понатамошниот текст: ЕКТС).

Запишување на студенти

Член 2

На втор циклус политички студии (четврта година) може да се запише лице кое претходно завршило најмалку тригодишни политички студии од прв циклус, со освоени најмалку 180 кредити, односно кое се стекнало со диплома „политолог“ (Bachelor of Arts in Political Science (BA).

На втор циклус студии по новинарство (четврта година) може да се запише лице кое претходно завршило најмалку тригодишни студии по новинарство од прв циклус, со освоени најмалку 180 кредити, односно кое се стекнало со диплома „новинар” (Bachelor of Arts in Journalism (BA).

На втор циклус студии по односи со јавноста (четврта година) може да се запише лице коешто претходно завршило најмалку тригодишни студии по односи со јавноста од прв циклус, со освоени најмалку 180 кредити, односно кое се стекнало со диплома Ѝменаџер по односи со јавноста“ (Bachelor of Arts in Public Relations (BA).

На политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста, на вториот циклус може да се запише лице кое претходно завршило прв циклус од областа на општествените науки на друга високообразовна институција, при што се стекнало со диплома за освоени најмалку 180 кредити.

Запишувањето и условите на студирање на студенти на вториот циклус политички студии, студии по новинарство и односи со јавноста на Факултетот, кои со дипломата од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се стекнале на други факултети во земјата и во странство, ќе бидат уредени со посебна одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Член 3

На втор циклус политички студии (петта година) може да се запише лице кое претходно завршило политички студии од втор циклус, со освоени најмалку 240 кредити, односно кое се стекнало со диплома „дипломиран политолог“ (Bachelor of Science in Political Science (B.Sc).

На втор циклус студии по новинарство (петта година) може да се запише лице кое претходно завршило студии по новинарство од втор циклус, со освоени најмалку 240 кредити, односно кое се стекнало со диплома „дипломиран новинар” (Bachelor of Science in Journalism (B.Sc).

На втор циклус студентите по односи со јавноста (петта година) може да се запише лице кое претходно завршило студии по односи со јавноста од втор циклус, со освоени најмалку 240 кредити, односно кое се стекнало со диплома Ѝдипломиран менаџер по односи со јавноста“ (Bachelor of Science in Public Relations (B.Sc).

На втор циклус политички студии, студии по новинарство и односи со јавноста (петта година) може да се запише лице кое претходно завршило прв или втор циклус од областа на општествените науки на друга високообразовна институција, при што се стекнало со диплома за освоени најмалку 240 кредити.

Запишувањето и условите на студирање на студенти на вториот циклус политички студии, студии по новинарство и односи со јавноста на Факултетот, кои со дипломата од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се стекнале на други факултети во земјата и во странство, ќе бидат уредени со посебна одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Активирање на студиските програми (насоки) на вториот циклус студии

Член 4

Наставно-научниот совет, на почетокот од учебната година, донесува одлука за активирање на насоките на политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста од вториот циклус од член 1 за секоја наредна уписна година, поодделно.

При донесувањето на одлуката за активирање на одредена насока на политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста од вториот циклус, Наставно–научниот совет води сметка за финансиската и друга самоодржливост на програмата.

Со одлуката од ставот 1, Наставно-научниот совет го определува и минималиот број студенти потребен за активирање на одделна насока на вториот циклус на политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста предвидени за наредната уписна година.

Со одлуката од ставот 1, Наставно-научниот совет го утврдува и максималниот број студенти кои можат да студираат на односната програма, водејќи сметка за расположливиот капацитет за организирање на програмата, како и стандардите утврдени во овие Правила за студирање.

Ако бројот на заинтересирани студенти за некоја од програмите биде помал од предвидениот минимален број студенти утврден за активирање на програмата според став 2 на овој член, Наставно-научниот совет може да одлучи да не се активира некоја од насоките на вториот циклус политички студии, студии по новинарство и односи со јавноста предвидени за тековната година.

Координатор на предмет

Член 5

Наставата по одделни предмети се изведува под координација на еден или повеќе предметни наставници.

Во изведувањето на наставата, покрај координаторот, можат да учествуваат и други наставници, соработници и надворешни предавачи или стручњаци од практиката од земјата и од странство, по соодветни теми, според нивната докажана специјалност.

По иницијатива на координаторот, институтот во чии рамки се организира програмата од вториот циклус студии, предлага листа на други наставници, соработници и/или надворешни предавачи или стручњаци од практиката од претходниот став, која конечно ја утврдува Наставно-научниот совет во постапката и според условите утврдени во актите на Факултетот, не подоцна од четири месеци пред почетокот на наставата по односната програма.

Координаторот е одговорен за навременото и квалитетно организирање и изведување на наставата по соодветниот предмет според утврдените стандарди, а особено за ангажманот на другите наставници, соработници и надворешни предавачи или стручњаци од практиката од претходниот став, подготовката на силабусите и на соодветната литература и помошен материјал, спроведувањето на испитувањето и оценувањето на студентите.

Изведување на наставата

Член 6

Наставата се изведува интерактивно.

Во текот на наставата се поттикнува индивидуалната и групната истражувачка работа на студентите, се организираат трибини, работилници, семинари и други дополнителни дебатни форми или форми на дополнително информирање и стручно оспособување на студентите.

Наставна програма и литература

Член 7

По секој од предметите на одредена наставна програма, студентите добиваат детална предметна програма (силабус) изработена од координаторот, разложена за секој час одделно, со точно назначување на задачите на студентот за кои треба да се подготви за наредните часови во врска со зададени прашања за расправа или дилеми, потребната литература, домашни работи итн.

Во текот на наставата се користи литература сочинета од учебници или книги, научни и стручни статии од најавторитетни странски и домашни автори по одделните теми во рамките на наставниот предмет, или од селектирани извадоци од нив, како и помошна литература во форма на практикуми, селектирани материјали, судска практика итн.

Проодност по семестри

Член 8

Напредокот во текот на студиите се остварува со запишување на нов семестар врз основа на бројот на стекнати кредити, кои ги носат одделните предмети.

ПОЛИТИ×КИ СТУДИИ

2.1 На втор циклус – четиригодишни студии (ПОЛИТИЧКИ СТУДИИ), студентот може да запише нови предметни програми од следниот семестар, според следниов критериум:

- од VII семестар во VIII семестар - доколку стекне
  минимум 14 кредити од VII семестар;
- од VIII семестар во IX семестар - доколку стекне* инимум 14 кредити од VIII семестар.

2.2 На втор циклус – магистерски студии (ПОЛИТИЧКИ СТУДИИ), студентот може да запише нови предметни програми од следниов семестар, според следниот критериум:

- од IX семестар во X семестар - доколку стекне минимум 14 кредити од IX семестар.

Услов за пријавување на магистерски труд е доколку студентот стекне вкупно 285 кредити.

Член 9

Напредокот во текот на студиите се остварува со запишување на нов семестар врз основа на бројот на стекнати кредити, кои ги носат одделните предмети.

СТУДИИ ПО НОВИНАРСТВО

2.1 На втор циклус – четиригодишни студии (СТУДИИ ПО НОВИНАРСТВО), студентот може да запише нови предметни програми од следниов семестар според следниот критериум:

- од VII семестар во VIII семестар доколку - стекне минимум 12 кредити од VII семестар;
- од VIII семестар во IX семестар доколку стекне* минимум 12 кредити од VIII семестар.

2.2. На втор циклус – магистерски студии (СТУДИИ ПО НОВИНАРСТВО), студентот може да запише нови предметни програми од следниот семестар, според следнивт критериум:

- од IX семестар во X семестар - доколку стекне минимум 14 кредити од IX семестар.

Услов за пријавување на магистерски труд е доколку студентот стекне вкупно 285 кредити.

Член 10

Напредокот во текот на студиите се остварува со запишување на нов семестар врз основа на бројот на стекнати кредити, кои ги носат одделните предмети.

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

2.1 На втор циклус – четиригодишни студии (ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА), студентот може да запише нови предметни програми од следниот семестар, според следниов критериум:

- од VII семестар во VIII семестар - доколку стекне минимум 12 кредити од VII семестар;
- од VIII семестар во IX семестар доколку стекне* минимум 12 кредити од VIII семестар

2.3. На втор циклус – магистерски студии (ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА), студентот може да запише нови предметни програми од следниот семестар, според следнивт критериум:

- од IX семестар во X семестар - доколку стекне минимум 14 кредити од IX семестар.

Услов за пријавување на магистерски труд е доколку студентот стекне вкупно 285 кредити.

* *За студенти кошто ќе го продолжат своето образование на магистерски студии.*

Полагање на испити

Член 11

Оценувањето на студентите на политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавноста од втор циклус се врши врз основа на успехот на:

- полагање писмени задачи кои се состојат од писмени прашања и задачи на конкретен случај до 70 поени /во сооднос 40 или 30 поени во корист за писмените прашања или задачата на конкретен случај/;
- научноистражувачка работа/практична работа до 20 поени;
- континуирана активност на студентот на часовите до 10 поени.

За успешно положување на испитот, студентот треба да освои:

- најмалку 40 поени од предвидените поени за писмените задачи и задачите на конкретен случај во смисла на став 1, алинеја 1 на овој член;
- најмалку 11 поени од предвидените поени за научноистражувачка работа/практична работа во смисла на став 1 алинеја 2 на овој член.

Член 12

Задачите на конкретен случај како дел од писмената задача во смисла на став 1, алинеја 1 на членот 11 од овие Правила за студирање треба да се однесува на еден или повеќе симулирани посложени случаи кои студентот треба да ги реши на аргументиран начин со оглед на насоките дадени во задачата.

Задачата на конкретен случај треба да овозможи проверка на способноста на студентот за примена на знаења врз посложени фактички ситуации.

Скала за оцена

Член 13

Прагот за положување на предметната програма за студентите од вториот циклус на студии изнесува 51 поен, при што повисокиот број на освоени поени кореспондира на некоја од следниве оценки:

- 51-60 поени 6 /шест/
- 61-70 поени 7 /седум/
- 71-80 поени 8 /осум/
- 81-90 поени 9 /девет/
- 91-100 поени 10 /десет/

Термини за полагање на испити

Член 14

Студентот кој запишал предмети во зимскиот семестар, односно VII семестар, полага испити од VII семестар за исполнување услов, односно стекнување на минимум 16, 14, односно 12

кредити за VIII семестар во февруарската испитна сесија во тековната учебна година.

Студентот кој запишал предмети во летниот семестар, односно VIII семестар, полага испити од VIII семестар за исполнување услов, односно стекнување на минимум 14, односно 12 кредити за IX семестар во јунската испитна сесија во тековната учебна година.

Студентот кој запишал предмети на политички студии, студии по новинарство и односи со јавност, во зимскиот семестар односно IX семестар, полага испити од IX семестар за исполнување услов, односно стекнување на минимум 14 кредити за X семестар во февруарската испитна сесија во тековната учебна година.

Испитни сесии за полагање на испити

Член 15

За исполнувањето на условот, односно стекнување на минимум 16, 14, односно 12 кредити за упис на VIII семестар, покрај редовната испитна сесија, на студентите може да им се одобрат две дополнителни сесии кои ќе се организираат во средина на месец април и средина на месец мај во тековната учебна година.

За исполнувањето на условот, односно стекнување на минимум 14, односно 12 кредити за упис на IX семестар, покрај редовната испитна сесија, на студентите може да им се одобрат две дополнителни сесии кои ќе се организираат во средина на месец октомври и средина на месец ноември во тековната учебна година.

За исполнувањето на условот, односно стекнување на минимум 14 кредити за упис на X семестар на политички студии, студии по новинарство и односи со јавноста, покрај редовната испитна сесија, на студентите може да им се одобрат две дополнителни сесии кои ќе се организираат во средина на месец април и средина на месец мај во тековната учебна година.

Презапишување на предметна програма

Член 16

Студентите имаат можност да полагаат предметна програма најмногу 3 (три) пати, во 3 (три) последователни редовни испитни сесии во тековната учебна година (почнувајќи од испитната сесија кога за првпат се стекнуваат со правото да ја полагаат предметната програма), пред да ја презапишат истата предметна програма.

Студентот кој не исполнил услов за запишување на следниот семестар и по третото полагање на предметна програма во рамки на 3 (три) последователни редовни испитни сесии од претходниот семестар ја презапишува предметната програма.

Завршни (магистерски) трудови

Член 17

Со стекнати вкупно 285 кредити, студентите можат да пријават тема за завршен /магистерски/ труд до колегиумот на насоката од вториот циклус на студии, на која студираат.

Пријавата за изработка на трудот треба да содржи: наслов на темата, образложение и структура на темата, план за работа и преглед на литературата.

Завршните трудови на студентите се изготвуваат во обем од 15000 до 20000 зборови според Упатството за изработка на магистерски труд донесено од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Постапката за одбрана на магистерски труд ќе се води според акт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Преодни и завршни одредби

Член 18

Овие Правила за студирање влегуваат во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник, а ќе се применуваат од учебната 2016/2017 година.

ДЕКАН

Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.